РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4702/2
06-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 51-та седница одржано на ден 01.09.2021 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата со број 12-4702/1 од 08.10.2019 година, доставена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-4702 од 2019 година.

Предметот со број 12-4702 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-4702 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4702/1 од 08.10.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од страна на непознат подносител.

Во доставената пријава изнесени се наводи против Градоначалникот на Општина -----------,------ ----- ------, за сомневање за противправно стекнување на имотна корист, за злоупотреба на службена положба и овластување и даночно затајување.

Подносителите на пријавата се сомневаат дека наведеното лице злоупотребувајќи ја својата службена положба и овластување, спротивно на Законот за градење изградил станбена куќа на земјиште на КП -------- запишано во ИЛ ------- за КО -----, во општина -------, а кое земјиште во катастарот на недвижности се водело на име на неговиот татко ----------- --------. Се бара ДКСК да ги испита и провери наводите кои се однесуваат на пријавеното лице, со цел доследно почитување на законот подеднакво за сите.

При извршени проверки од страна на ДКСК констатирано е следното:

1) земјиштето наведено во доставената пријава е евидентирано во евиденцијата на катастарот на недвижности со запишано право на сопственост на лицето ----------- ---------- од -------------- ---------;

2) ДКСК претходно постапувала по предмети оформени во врска со пријавеното лице и тоа:

- во 2014 година,по предмет оформен по донесен заклучок за проверка на податоците од анкетните листови на лицата кои за прв пат се избрани на функцијата Градоначалник по одржаните локални избори во 2013 година, кога било констатирано дека именуваното лице доставило анкетен лист со податоци за имотна состојба по изборот на функцијата Градоначални и дека по извршената споредба на податоците од анкетниот лист со добиените податоци од надлежните институции (АКН, ЦР и ЦДХВ) за пријавеното лице и неговиот татко --------- -----------, податоците се совпаѓале односно, не бил утврден имот кој именуваното лице не го пријавил во анкетниот лист по што бил донесен заклучок дека ДКСК нема елементи за натамошно надлежно поставување во конкретниот случај;

При разгледувањето на доставената пријава, ДКСК констатира дека по однос на предметните наводи за пријавеното лице за стекнување на имот, ДКСК веќе има постапено и има донесено заклучок/одлука од своја надлежност, по што оцени дека беспредметно е натамошното постапување по предметот, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај, предметната пријава да се отфрли, а предметот да се затвори и да се архивира

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје / KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК